## *ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА (Македонскиот случај), д-р Илија Ацески, Екопрес, 1995*

Некаде запишав дека времето во кое живееме, обременето со својата амбивалентност, претставува голем предизвик за современата општествена мисла. Одеднаш се најдовме во жива лабораторија, можеме со сопствени очи да го следиме создавањето на натамошната историја и на општествениот амбиент во кој натаму ќе живееме и ние, но и наредните многубројни генерации. Лично присуствуваме на чинот кога се ставаат темелите на новиот општествен поредок, на новата класно-социјална структура на македонското општество, на новото поглавие на неговиот натамошен развој. Со еден збор, сведоци сме на изненадувачки брзи, по малку и неочекувани, општествени промени во кои индивидуата ќе мора да го преиспита своето сопствено место во заедницата и да си преземе голем дел од одговорноста за сопствената среќа. Излегуваме од еден долг период на "неслучување" (како се да беше однапред познато, насочувано и контролирано од високите општествени инстанци); влегуваме во период на "случување", кога на предизвиците ќе мора да им се приоѓа со добро фундирана и осмислена општествена акција.

Ваквото време носи со себе бројни неизвесности и отворени прашања. Некои луѓе ќе останат затечени во него, други ќе мораат да ги бараат одговорите на овие прашања и со тоа да го ублажат излегувањето од оваа ситуација. Тоа е, пред се, задача на општествената наука. Збиднувањата во овој момент треба повеќе од било кога порано силно да ја провоцираат научната љубопитност. И, еве веќе се јавуваат луѓе и дела кои не се рамнодушни на она што се случува околу нив и со нивната заедница, па се обидуваат да промислуваат за збиднувањата и да проектираат правци на натамошниот општествен развој. Во оваа групација спаѓа и најновото дело на проф. д-р Илија Ацески – "*ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА (Македонскиот случај)*", која неодамна излезе од печат во издание на "Екопрес" од Скопје.

Книгата претставува солидно подготвена студија за македонското современие со сите заблуди, неизвесности и надежи со кои во овој момент на транзиција се соочуваат македонските граѓани. Таа има 290 страни, со текст и табели во кои се содржани емпириските податоци од истражувањето. Составена е од предговор, и повеќе делови со следниве наслови: I. *Социјализмот е мртов – идејата за еднаквост живее;* II. *Источно–Европскиот одговор на приватизацијата;* III. *Македонскиот одговор на приватизацијата;* IV. *Хипотези за истражување не се можни;* V. *Социјалните ризици во*

*развојот на македонското општество;* VI. *Социјализмот е мртов – да живее социјализмот;* VII. *Работничкиот одговор на приватизацијата;* VIII. *Приватизацијата е убав збор за грди работи;* IX. *Стопанската елита и приватизацијата;* X. *Наместо заклучок: Општеството и човекот во транзиција.* На крајот се поместени *прилозите.*

Проф. д-р Илија Ацески во своето дело го следи и емпириски го истражува сето она што во овој момент е најактуелно во македонското општество – процесот на транзиција на општественото уредување со сите консеквенци што тој процес ги носи со себе (проблемот на приватизацијата на општествениот капитал; идејниот и политичкиот плурализам; парламентарната демократија; пазарната економија; класно-социјалното раслојување на македонското општество; меѓуетничките односи; екологијата; како и новата аксиолошка структура што се формира под влијание на претходните елементи). Всушност, преку едно емпириско истражување (вршено во текот на 1993 и 1994 година) авторот се обидува да ја следи природата и судбината на т.н. "голем проект", "мегатренд", како што вели тој, односно на ризиците што тој проект или процесот на транзицијата ги има врз општествениот развој. Истражувајќи ги ставовите на една широка лепеза на припадници од различни социјални слоеви, тој во своето дело доаѓа до заклучок дека процесот на транзицијата е доста сложен процес кој е проследен со бројни недоумици, лутања, збунетост, депресии, фрустрации, но и со надежи дека состојбите во општеството ќе почнат да се одвиваат кон подобро. Иако уште на почетокот од својот труд наведува дека во ваква конфузна ситуација (зашто, "најнапред не сме сигурни во какво општество живееме", како што напишал тој) е доста тешко да се поставуваат хипотези, неговото дело е преполно со хипотези, но и солидно изведени тези за истражуваната материја. Тие претставуваат голем предизвик, одличен материјал и научно издржани насоки за идните негови, и на други автори, истражувања.

Книгата на проф. д-р Илија Ацески – "*ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ ВО ТРАНЗИЦИЈА (македонскиот случај)*" претставува солидно конципиран и изведен труд со своја научна вредност. Таа е сведоштво и слика на едно време и на едни состојби во Македонија кои ретко толку жестоко се случуваат. Заради тоа и сакам да ја препорачам на научната и пошироката јавност. Таа е мошне интересно четиво.

Она што, исто така, би сакал да го потенцирам тоа и неговиот препознатлив стил на пишување и размислување во кој има само факти и збиена и јасна мисла, а не некакво кабинетско и завиено теоретизирање.

**Д-р Ѓорѓи Тоновски**